[redacted]

**<u>До: Општина Валандово</u>**
(имател на информација)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено | 17.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 275/1 | | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
07.04. 2021 од.
Потпис

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

**<u>Ве молиме да ни ја доставите следната информација:</u>**

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
**<u>- в) фотокопија</u>**
- г) електронски запис
- д) друго ---------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**<u>- г) е-маил</u>**
- д) друго------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање на слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted]
Датум: 15.03.2021

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-275/2
07.04.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

**Предмет** : Одговор на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. [redacted] од 15.03.2021 година

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, во прилог Ви ја доставуваме бараната информација од Општина Валандово.

Општина Валандово, во врска со кризата со Ковид 19 од Буџетот за 2020 година ги има направено следниве трошоци:

30 000 денари за финансиска поддршка на Центар за јавно здравје -Струмица за набавка на ламинирана комора за побрзо тестирање за докажување на присуство на вирус Ковид 19 (со Решение донесено од Градоначалникот на Општина Валандово бр.09-771/2 од 28.09.2020 година);

6.667 денари за покривање на патни трошоци и престој на дете од с.Јосифово, Општина Валандово во Центар за дневен престој на деца со посебни потреби-Гевгелија, бидејќи Центарот за престој на деца во Валандово поради кризата со Ковид 19 и изолација на вработени, одреден период не работеше(со Решение донесено од Градоначалникот на Општина Валандово бр.09-973/2 од 24.12.2020 година);

10.190 денари за вонредна дезинфекција на деловните објекти во надлежност на Општина Валандово;

7.016 денари за набавка на маски, ракавици и средства за дезинфекција .

Со почит,

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Секретар**
**Боро Киров**

Подготвил: С.Х.-Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044